**ГРАД СКОПЈЕ**

**Предлагач:** Градоначалник на Град Скопје

**Изготвувач:** Сектор за планирање и уредување на просторот

**Претставник:** Секретар на Град Скопје

**Повереник:** Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот

# ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА

за финансирање на изработка на урбанистички планови на Град Скопје во 2023 година

Скопје, декември 2022 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), и член 40 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20), Советот на Град Скопје на _________ седница одржана на _________ 2022 година, донесе

# ПРОГРАМА

за финансирање на изработка на урбанистички планови на Град Скопје во 2023 година

## Член 1

(1) Со оваа програма се предвидува изработка на "Генерален урбанистички план на Град Скопје 2022-2032" кој ќе се изработува во текот на 2023 година.

(2) Со оваа програма се предвидува изработка на Урбанистички проекти кои се неопходни за спроведување на Генералниот урбанистички план и кои ќе се изработуваат во текот на 2023 година.

## Член 2

Средствата во износ од 50.000.000 денари кои ќе се користат за изработка на планот од член 1 став 1 на оваа програма се предвидени во Буџетот на Град Скопје за 2023 година, во рамките на подпрограмата Ф1 Урбанистичко планирање, ставка 425.

Средствата во износ од 15.000.000 денари кои ќе се користат за изработка на Урбанистичките проекти од член 1 став 2 на оваа програма се предвидени во Буџетот на Град Скопје за 2023 година, во рамките на програма ЈДА ставка 482 потставка 110.

## Член 3

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

Број ________________
_________ 2022 година
Скопје

**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
Трајко Славески

_______________________

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Основа за донесување на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на Град Скопје во 2023 година се Законот за локалната самоуправа и Законот за урбанистичко планирање.

Во член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија “ бр. 05/02) е определена надлежноста на Советот на Град Скопје да донесува акти. Во член 40 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 32/20), е определена обврската на Градот Скопје задолжително да донесува програма за финансирање на изработка на урбанистички планови најдоцна до 31 декември во тековната за наредната година.

Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 е донесен со одлука од Советот на Град Скопје, број 07-5068/1 од 03.12.2012 година (“Службен гласник на Град Скопје“ бр.18/12) и е со важност до 2022 година.

Изработката на новиот Генерален урбанистички план на Град Скопје ќе се изврши на начин и постапка утврдени со:

- Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.32/20),
- Правилникот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.225/20, 219/21 и 104/22),

Во текот на имплементацијата и спроведувањето на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022, преку изработка на Регулациските планови на генералниот урбанистички план и Деталните урбанистички планови, дефинирана е потребата за преиспитување и усогласување на ГУП-от со постојната состојба во просторот и стекнатите права од предходните плански документации заради обезбедување на одржлив развој на градот.

Од нерамномерниот развој на градот во правец север - југ, произлезе потребата за редефинирање на содржините на сметка на рационално искористување на слободните површини во рамките на урбаниот опфат, додека од нотираните проблеми во сообраќајната мрежа како основен елемент на просторната комуникација произлезе потребата од идно визионерско планирање на сообраќајната инфраструктура и нов транспортен модел на градот.

Новиот Генерален урбанистички план треба да биде стратегија за идниот развој на градот. Неговата подготовка е сеопфатен, сложен  и временски долг процес за што е потребно вклучување на стручни лица од повеќе институции и области.

Со изработката на новиот Генерален урбанистички план на Град Скопје, треба да се постигнат следните цели:

- Континуитет во урбанистичкото планирање со усогласување и надоврзување на усвоените плански документи од повисоко и пониско ниво,
- Обезбедување услови за одржлив развој, рационално уредување и користење на земјиштето како необновлив ресурс и на инфраструктурните системите.

- Оформување на урбанистички функционални целини (четврти и блокови) составени од повеќе единици на градежно земјиште кои ќе претставуваат основа за изработка на урбанистички планови од пониско ниво.
- Дефинирање на единици на градежно земјиште за просторна дистрибуција на планираните намени и дефинирање на плански услови за организација, уредување, изградба, развој и користење на земјиштето и градбите застапени со планираните основни намени.
- За единиците на градежно земјиште кои ке се формираат во рамките на планскиот опфат на урбаните четврти ќе се дефинираат услови за:
  - хумано живеење и работа на граѓаните,
  - зголемување на вредноста на земјиштето и степенот на уреденост на просторот,
  - движење на лица со попреченост,
  - заштита и унапредување на животната средина, природното и културното наследство, заштита и спасување, заштита од пожари, воени разурнувања и природни катастрофи,
  - урбано зеленило и озеленетост и
  - други услови кои произлегуваат од специфичноста и карактеристиките на просторот на единиците на градежно земјиште,
- Дефинирање на системот на примарната сообраќајна инфраструктура и поврзување со секундарната сообраќајна инфраструктура за опслужување на единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планските опфати на урбаните четврти.
- Дефинирање на системите од примарната комунална инфраструктура и супраструктура и поврзување со водовите од секундарната инфраструктура за опслужување на единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планските опфати на урбаните четврти.

Изработката на Урбанистички проекти кои се неопходни за спроведување на Генералниот урбанистички ќе се изработуваат во однос на инфраструктурните потреби со кои на директен начин се врши спроведување на Генералниот урбанистички план во делот на градската инфраструктура.

Поради сето горенаведено се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на Град Скопје во 2023 година.